Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-3241/13
21-01-2014 год.
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.(136/07,130/08,97/10,53/11,185/11 15/13 и 148/13) , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје , врз основа на Записник од отворање на понуди бр.05-3241/4 од 15.01.2014 г,Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка број 05-3241/5 од 15.01.2014, Извештај од поднесување на конечна цена бр.05-3241/12 од 20.01.2014 г.,Извештај од поднесување на конечна цена бр.05-3241/12 од 20.01.2014 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**12/2013** за јавна набавка со примена на отворена постапка со е-аукција, Директорот на Друштвото донесе :

# ОДЛУКА
## за избор на најповолна понуда за Набавка на течни горива

На основ на Записник од отварање на понуди бр.05-3241/4 од 15.01.2014 г. и Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка бр.05-3241/5 од 15.01.2014. Извештај од поднесување на конечна цена бр.05-3241/12 од 20.01.2014 по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.12/2013, од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-3241/2 од 16.12.2013г., Одлука за утврдување на понудувач кој треба да достави конечна цена бр.05-3241/7 од 16.01.2014 година за јавна набавка со примена на отворена постапка со е-аукција, за Набавка на стока- **Набавка на течни горива**, Договорот за јавна набавка се доделува на:

**ДПТУ „ПУЦКО ПЕТРОЛ " ДОО**
**ул. „ Населено место без уличен систем,, бр.1, с.Пласница**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 1 (една) прифатлива понуда.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да го извести понудувачот за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се според понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за финансии за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање договор за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до**:

- Сектор за финансии,
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- архива